Архивски знак: / Shenja arkivore: 2802
Рок на чување: / Afati i ruajtjes: 15
30-12-2021 год. / viti
Потпис / Nënshkrimi

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Сектор за правни работи - Одделение за прекршочна постапка

1.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Дејан Атанасовски и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-068075/20-0002 од 11.12.2020 година на Царинарница Битола – ЦИ Свети Наум, поведена против Даме Јордановски од Охрид, за сторен царински прекршок од член 265 во врска со член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци, на 10.12.2021 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

Даме Јордановски од Охрид, роден 31.08.1988 година во Охрид, со адреса на живеење во с.Лешани, Дебарца на ул."Партизанска" 6.6, со ЕМБГ 3108988430028 и број на л.к. А 2022296 издадена од МВР на РСМ, државјанин на Република Северна Македонија

## СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
чл. 265 в.в со чл. 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон

Затоа што:

На ден 25.08.2020 година, во 14:15 часот, на ул." 7-ми Ноември" кај "Winner" осигурување во Охрид, управувал во сообраќај моторцикл марка "Gilera" тип Runner 180, со бугарски регистарски таблици Е4862В, со број на шасија ZAPM0800000010372, сопственост на лицето Костадин Апостолов од општина Петрич, област Благоевград, Република Бугарија, по сообраќајна дозвола број 005768183 издадена 15.05.2013 година од Република Бугарија и со истиот учествувал во сообраќајна незгода. По извршена контрола од страна на полициски службеници од ПС за БПС-Охрид констатирано е дека за моторциклот пријавениот не поседува валидна документација со која може да го докаже правото да управува со истото, и со тоа го управувал моторциклот на територијата на Република Северна Македонија без правен основ и без да бидат платени царинските давачки за истиот, а со моторциклот се однесувал како да е пуштен во слободен промет иако од околностите на случајот знаел или би морал да знае дека не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на истиот во слободен промет и за плаќање на сите давачки, односно не биле исполнети мерките на трговската политика, па постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон, поради што од страна на полициските службеници од ПС за БПС-Охрид со потврда број 1362 од 25.08.2020 година моторциклот му е привремено одземен.

Со гореопишаното дејствие Даме Јордановски од Охрид, постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон, со што сторил прекршок по член 265 вв со член 263 став 3 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

Глоба во износ од 250 (двестапедесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 15.375,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението. и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0348/20, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0348/20, примач Буџет на РМ, Банка на примач НБ на РМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Северна Македонија, ул.Колекторска 6.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

Согласно член 267 став 1 и став 3 од Царинскиот закон, Комисијата на пријавениот Даме Јордановски од Охрид му изрече и задолжително предвидена посебна прекршочна мерка одземање на моторцикл марка "Gilera" тип Runner 180, со бугарски регистарски таблици Е4862В, со број на шасија ZAPM080000010372.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-068075/20-0002 од 11.12.2020 година на Царинарница Битола – ЦИ Свети Наум, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа е поведена прекршочна постапка против сторителот на царински прекршок Даме Јордановски од Охрид за сторен царински прекршок од член 265 во врска со член 263 став 3 вв став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покана за писмено произнесување број 28-068075/20-0004 од 22.02.2021 година и број 28-068075/20-0008 од 31.08.2021 година писмено го извести сторителот за поднесеното барање и го поучи да се изјасни за фактите и доказите поднесени во врска со барањето, со напомена дека во спротивно, Комисијата ќе ја утврди фактичката состојба и ќе одлучи по

барањето за поведување на прекршочна постапка, врз основа на приложената писмена документација.

Сторителот Даме Јордановски од Охрид, ни по неколку последователни обиди за достава, не ја примил поканата за писмено произнесување видно од повратниците на пошта Белчишта од 23.02,19.03, 20.04. и 02.09.2021 година со назнака „преселен„. Од страна на Комисијата, а преку Министерство за внатрешни работи – Сектор за правни работи и заштита на личните податоци, побарани се податоци за точна адреса на живеење на сторителот, на што е добиен одговор дека според електронската евиденција на МВР, лицето Даме Јордановски од Охрид има последно пријавена адреса на живеење по лична карта во с.Лешани на ул."Партизанска" б.б, Дебарца, на која адреса и е доставувана горенаведената покана. Од тие причини согласно член 87 од Законот за прекршоците од страна на Комисијата на ден 20.10.2021 година поканата е истакната на огласна табла, но и по истекот на рокот од осум дена до Комисијата за одлучување по прекршок сторителот не достави писмено произнесување.

Комисијата постапувајќи согласно член 60 од Законот за прекршоци утврди дека постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-068075/20-0002 од 11.12.2020 година на Царинарница Битола – ЦИ Свети Наум, достава на документација за царински прекршок рег.бр.22.25.5.2-2043 од 16.11.2020 година, потврда за привремено одземени предмети со број 1362 од 25.08.2020 година, телеграма број 891 од 16.09.2020 година, сообраќајна дозвола број 005768183 издадена 15.05.2013 година од Република Бугарија, записник за извршен увид на место на сообраќајна дозвола 219 од 25.08.2020 година, известување број 34-068075/20-0003 од 11.12.2020 година, покана за писмено произнесување број 28-068075/20-0004 од 22.02.2021 година и број 28-068075/20-0008 од 31.08.2021 година, повратниците на пошта Белчишта од 23.02,19.03, 20.04. и 02.09.2021 година со назнака „преселен„ барање на податоци број 12 од 27.08.2021 година, одговор од МВР на барани податоци, по што ја утврди следнава фактичка состојба:

Сторителот Даме Јордановски од Охрид на ден 25.08.2020 година, во 14:15 часот, на ул." 7-ми Ноември" кај "Winner" осигурување во Охрид, управувал во сообраќај моторцикл марка "Gilera" тип Runner 180, со бугарски регистарски таблици Е4862В, со број на шасија ZAPM0800000010372, сопственост на лицето Костадин Апостолов од општина Петрич, област Благоевград, Република Бугарија, по сообраќајна дозвола број 005768183 издадена 15.05.2013 година од Република Бугарија и со истиот учествувал во сообраќајна незгода. По извршена контрола од страна на полициски службеници од ПС за БПС-Охрид констатирано е дека за моторциклот пријавениот не поседува валидна документација со која може да го докаже правото да управува со истото, и со тоа го управувал моторциклот на територијата на Република Северна Македонија без правен основ

и без да бидат платени царинските давачки за истиот, а со моторциклот се однесувал како да е пуштен во слободен промет иако од околностите на случајот знаел или би морал да знае дека не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на истиот во слободен промет и за плаќање на сите давачки, односно не биле исполнети мерките на трговската политика, па постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон, поради што од страна на полициските службеници од ПС за БПС-Охрид со потврда број 1362 од 25.08.2020 година моторциклот му е привремено одземен.

Со горе опишаното дејствие Даме Јордановски од Охрид, постапил спротивно на член 91 од Царинскиот закон, со што сторил прекршок по член 265 вв. член 263 став 3 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон.

Според член 91 од Царинскиот закон, со пуштање во слободен промет странската стока добива статус на домашна стока. За да се пушти стоката во слободен промет, треба да се применат мерките на трговска политика, да се завршат другите формалности пропишани за увоз на стока и за плаќање на сите давачки пропишани со царински и други прописи.

Согласно член 263 став 3 во врска со став 1 точка 8 од Царинскиот закон, глоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичкото лице, ако постапува како стоката да била пуштена во слободен промет иако не биле спроведени пропишаните формалности за пуштање на стоката во слободен промет и за плаќање на сите давачки пропишани со овој или други закони или не биле исполнети мерките на трговската политика и сите други прописи во врска со увозот на стоката (член 91).

Согласно член 265 од Царинскиот закон, на правно лице или на трговец поединец, односно на одговорно лице во правното лице или во трговец поединец или на физичко лице, кое ќе купи, продаде, распродаде, добие на подарок, прикрива, прими на чување или на превоз, чува, користи или добие во сопственост врз која било основа стока за која знае или според околностите на случајот морал да знае дека доколку сторителот извршил некое од дејствијата од членовите263, 263-а или 264 од овој закон, му се изрекува глоба која со членовите 263, 263-а или 264 од овој закон се изрекува на сторителот.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 и 265 во врска со членот 263 од овој закон, се одзема, а согласно став 3 од истиот член, стоката која е предмет на прекршок се одзема и кога не е сопственост на сторителот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите на случајот би можел да знае дека стоката е предмет на прекршокот од членот 263 или 265 од овој закон.

Согласно член 374 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, роковите за завршување на постапките за привремен увоз кај возилата се шест месеци во период од дванаесет месеци.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложениот доказен материјал, Комисијата најде дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот кој му се става на товар и за сторениот прекршок треба да му се изрече глоба предвидена во рамки на законот, како и посебна прекршочна мерка одземање на стоката предмет на прекршок.

При одмерувањето на глобата Комисијата ги имаше предвид одредбите на член 130 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ" бр.96 од 17.05.2019 година), според кој започнатите постапки пред судовите и прекршочните органи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 124/15), како и одредбите на член 132 став 1 и 2 од истиот закон, според кои, законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно најдоцна до 25.11.2019 година.

Во оваа насока, Комисијата од една страна утврди дека предметниот прекршок е сторен по влегување во сила на Законот за прекршоците („Службен весник на РС Македонија" бр.96 од 17.05.2019 година), а од друга страна утврди дека погоре цитираните одредби на Царинскиот закон во делот на прекршочните санкции не се усогласени со овој закон, па при ваква состојба Комисијата најде дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата за предметниот прекршок правилно е да се применат одредбите од Законот за прекршоците со кои е определен износот на глобата во распон за сторени прекршоци од страна на физичките лица, односно да се применат одредбите од член 26 став 1 од истиот закон, според кој глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено, како и одредбите од став 3 на истиот член, според кој за прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансиии јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ во зависност од затаената давачка или износ на набавка, но најмногу во двократен износ од износот во ставот 1 на овој член.

Врз основа на досега наведеното, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 на Законот за прекршоците, ги ценеше наводите на сторителот истакнати во неговото произнесување, но истите ги оцени дека се без влијајние за поинакво одлучување, па земајќи ги во предвид начинот на сторување на прекршокот, степенот на одговорност на сторителот за прекршокот, побудите од кои е сторен прекршокот, како и зачестеноста на овој вид на прекршок како отежнителни околности, а фактот дека на сторителот ова му е прв прекршок, односно дека истиот не е евидентиран во прекршочната евиденција за сторени царински прекршоци како олеснителни околности, Комисијата му изрече глоба од 250 евра и посебна прекршочна мерка одземање на предметното возило, која согласно цитираните одредби од Царинскиот закон е задолжителна за изрекување за сторениот прекршок, и смета дека со истите ќе се постигне целта на изрекување на прекршочна санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата го задолжи сторителот и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен суд до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да се доставен до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок на ул. Колекторска 66, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Законот за даночна постапка.

Претседател на комисија,
Маринела Бојаџиева

Прк.бр.0384/20
Број 28-068075/20-0011
Скопје, 10.12.2021 година

Доставено во оригинал до:
- сторителот
- архива
-предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Маринела Бојаџиева